СМРТ НА ФАШИЗМОТ СЛОБОДА НА НАРОДОТ

# СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 17 Скопје, сабота 12 јуни 1948 год. Год. IV

Ракописите се испрак'аат во дупликат на адреса: „Службен весник на НРМ" Пошт. фах 51 Скопје и не се врак'аат

Цена на овој број е 2 динара Претплатата за цела година 250 дин. за едно полугодие 125 динари.

## 112

По укажаната потреба и за да се овозможи побрзо стекнување на основно образование на лицата што имаат условија за тоа, пропишувам

## Правилник

### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ПОЛАГАЊЕ ПРИВАТНИ ИСПИТИ ВО ОСНОВНИТЕ И ВИШИТЕ ОСНОВНИ УЧИЛИШТА

Член 1

Член 1 од Правилникот за полагање приватни испити во основните и вишите основни училишта се менува и дополнува, та гласи:

„Член 1.

Лицата кои што не се редовни ученици, а имаат условија, можат да полагаат приватен испит за едно или две одделенија од првите четири одделенија.

По исклучение можат да се полагаат три, односно сите четири први одделенија, само по одобрение на Министерот за просвета.

Право за полагање две, односно три или четири одделенија од првите четири одделенија на основните или вишите основни училишта, имаат право лица што престарела и не можат да бидат редовни ученици. Во никој случај ниедно лице не може да полага приватно испит за ловен'е одделенија ако има помалку години одколку е определено за редовните ученици од тие одделенија.

Испит за наредно одделение не може да се полага додека не се положи испит за претходното одделение".

Член 2

Овој Правилник влегува во сила од денот на објавувањето му во „Службен весник на Народна Република Македонија".

I Бр. 6426, 5 јуни 1948 год., Скопје.

Министер за просвета,
Д. Мире, с. р.

## 113

Врз основа на чл. 2 ст. 1 од Уредбата на Владата на ФНРЈ за купувањето на земјоделски производи по сврзани цени од ситните земјоделски стопанства, а во согласие со Министерот на земјоделие на НР Македонија. издавам следно

## Решение

### ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА СТОПАНСТА КОИ К'Е СЕ СМЕТАТ ЗА СИТНИ ЗЕМЈОДЕЛСКИ СТОПАНСТВА НА ТЕРИТОРИЈАТА НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1

Кано ситни земјоделски стопанства во смисол на Уредбата за купување на земјоделски производи по сврзани цени од ситните земјоделски стопанства на територијата на Народна Република Македонија к'е се сметат и това:

1) Во околиите: тетовска, кратовска, охридска, царевоселска, горче петровска, беровска, криво-паланска, кичевска, бродска, крушевска и дебарска, кои што имаат најповек'е до 5 х-а обработива земја;

2) Во околиите: свети-николска, кумановска, битолска, прилепска, скопска, титов-велешка, радовишка, гостиварска, штипска, ресенска, струшка и демир-хисарска, кои имаат најповек'е до 4 х-а обработива земја; и

3) Во околиите: кавадарска, г'евг'елиска, струмичка и кочанска, кои што имаат најповек'е до 3 х-а обработива земја.

2

Министерот за трговија и снабдување к'е издаде поблиски напатствија за спроведување на овоа Решение.

3

Овоа Решение стапува на снага веднаш.

Бр. 4266, 2 јуни 1948 год., Скопје.

Министер
за трговија и снабдување на НРМ
Д. Бојановски, с. р.

Согласен
Министер на земјоделието,
В. Бурзевски, с. р.

## 114

Врз основа на чл. 3 од Уредбата за купување на земјоделски производи по сврзани цени од ситните земјоделски стопанства, а во согласив со Министерот за трговија и снабдување на ФНРЈ и Претседателот на Привредниот совет на Владата на ФНРЈ, издавам следно

## Решение

### ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ ПРОИЗВОДИ КОИ К'Е СЕ ОТКУПУВАТ ОД СИТНИТЕ ЗЕМЈОДЕЛСКИ СТОПАНСТВА НА ТЕРИТОРИЈАТА НА НР МАКЕДОНИЈА ПО СВРЗАНИ ЦЕНИ И ЗА СВРЗАНИТЕ ЦЕНИ ПО КОИ ИСТИТЕ К'Е СЕ ОТКУПАТ

1

Од ситните земјоделски стопанства на територијата на Народна Република Македонија к'е се откупуват по сврзани цени следните артикли и това по следните цени:

1. Граг'а по 380 — 810 дин. за 1 м.
2. Огревно дрво:
   а) I класа по 180 дин. за 1 кбм.
   б) II класа по 130 дин. за 1 ком.
3. Дрвен к'умур по 2.50 дин. за 1 кгр
4. Смола по 10 дин. за 1 кгр.
5. Мед по 36 дин. за 1 кгр.
6. Сено до 1.50 дин. за 1 кгр

Претпријатието е основано со Решение на Околискиот народен одбор во Кочани бр. 3107 од 5-III-1948 год.

Предмет за работа на претпријатието е промет со лекови.

Административно-оперативен раководител на претпријатието е: Извршниот одбор на Околискиот народен одбор — Кочани.

Претпријатието к'е го потпишува, задолжува и раздолжува Панче Хиладников, раководител на претпријатието.

Бр. 3827 од 25-III-1948 год. Кочани.

286 1—1

**Регистрација на Државното стопанско претпријатие од локално значение „Околиска народна апотека" Крива Паланка**

Околиски народен одбор во гр. Крива Паланка на основание чл. 17 од Основниот закон за државните стопански претпријатија и чл. 18 од Правилникот за регистрација на државните стопански претпријатија објавува:

Врз основа Решението на Околисикот народен одбор во гр. Крива Паланка Бр. 6949 од 19-V1948 год. запишано е во регистарот на државните стопански претпријатија од локално значение под реден бр. 9 свеска 9 на Државно стопанско претпријатие од локално значение под фирма: Околиска народна апотека со седиште во гр. Крива Паланка.

Претпријатието е основано со Решение на Околискиот народен одбор бр. 6937 од 19-V-1948 год.

Предмет за работа на претпријатието е: да продава готови лекови и произволи по рецепти издадени од лекари.

Фирмата к'е ја потпишува раководителот Димитар Гор'ѓ'ев Чоклев — апотекар.

Административно-оперативен раковидител на претпријатието е: Извршниот одбор на Околискиот народен одбор на гр. Крива Паланка.

Бр. 7158 од 19-V-1948 год.

420 1—1

**Регистрација на Државно стопанско претпријатие „Околиска апотека" во гр. Крушево**

Околискиот народен одбор — финансов отсек — Крушево, врз основа чл. 17 од Основниот закон за државните стопански претпријатија и чл. 18 од Правилникот за регистрација на државните стопански претпријатија објавува:

Врз основа Решението на Околискиот народен одбор — финансов отсек — Крушево Бр. 6221 од 12-V-1948 год. запишано е во регистарот за државните стопански претпријатија под фирма: „Околиска апотека" со седиште во гр. Крушево.

Претпријатието е основано со Решение Бр. 6221 од 12-V. 1948 год. на Околискиот народен одбор — Крушево.

Предмет за работа на претпријатието е: набавка и продажба на лекови и лабораторна преработка на истите.

Административно-оперативен раководител на претпријатието е: Извршниот одбор на Околискиот народен одбор во гр. Крушево.

Претпријатието ке го потпишува раководителот на претпријатието другарот Васил Петров Николовски неограничен.

Бр. 6221/27-V-1948 год.

421 1—1

**Регистрација на Државно стопанско претпријатие за изработка на сите видови килими „Манчу Матак" во гр. Крушево**

Околискиот народен одбор — финансов отсек — во гр. Крушево, врз основа чл. 17 од Основниот закон за државните стопански претпријатија и чл. 18 од Правилникот за регистрација на државните стопански претпријатија објавува:

Врз основа Решението на Околискиот народен одбор — финансов отсек о вгр. Крушево Бр. 7011 од 4 јуни 1948 год. запишано е во регистарот на државните стопански претпријатија под фирма: Претпријатие за изработка на сите видови килими „Манчу Матак" — Крушево со седиште во гр. Крушево.

Претпријатието е основано со Решение на Месниот народен одбор во гр. Крушево со Бр. 2062 од 24 мај 1948 год.

Предмет за работа на претпријатието е: изработка на сите видови килими.

Административно-оперативен раководител на претпријатието е: Извршниот добор на Месниот народен одбор во гр. Крушево.

Претпријатието к'е го потпишува директорот Харила Бидин во неограничен размер.

Бр. 7011 од 4 јуни 1948 год. 422 1—1

**Регистрација на Хотело-угостителското народно претпријатие „Хунап" Струмица**

Предмет на работењето на претпријатието е продавање на храна, пијалоци, млеко, слатки, преноќиште и угостителство.

Претпријатието е основано со Решење Бр. 3 од 3 мај 1948 год. на Градскиот народен одбор — Струмица.

Административно-оперативен раководител на претпријатието е: Извршниот одбор на Градскиот народен одбор — Струмица.

Директор на претпријатието е Ванчо Ташковски, кој го полноважно претставува и потпишува колективно со шефот на сметководството Илија А. Чулевски. 425 1—1

# Промена на регистарот

Назначување на директор на Градското народно претпријатие, Дирекција за огрев и градежен материјал „Огрев" Скопје.

Финансовото одделение на Градскиот народен одбор за град Скопје, врз основа чл. 17 од Основниот закон за државните стопански сретпријатија и чл. 18 од Правилникот за регистрација на државните стопански претпријатија објавува:

Со Решение на Извршниот одбор на Градскиот народен одбор на град Скопје Бр. 757 од 16-I-1948 година, разрешен е од должност Пеце Грозданоски директор на Градското претпријатие за огрев и градежен материјал „Огрев" Скопје до кој ден му претстанува правото да го потпишува претпријатието.

Со Решение на Извршниот одбор на Градскиот народен одбор во град Скопје Бр. 757 од 16-I-1948 година, назначен е Борис Аврамовски за директор на Градското народно претпријатие Диракција за огрев и градежен материјал „Огрев" — Скопје кој к'е го потпишува задолжува и раздолжува претпријатието од денот на назначувањето.

Бр. 1107 од 2-II-1948 година.

I—I 007

Денес е извршена промена во регистерот на државните стопански претпријатија при Околискиот народен одбор-финансов отсек-Ресен на страна 3 бр. 2 на Околиското трговско претпријатие „Ограп" во гр. Ресен.

Со Решение на Извршниот одбор на Околискиот народен одбор во Бр. 5189 од 29 мај 1948 год. назначен е за директор Мите Суклески кој к'е го потпишува-задолжува и раздолжува претпријатието.

Од Околискиот народен одбор финансов отсек Бр. 6567 од 1-VI 1948 год

426 1—1

# Ликвидации

## ЛИКВИДАЦИЈА НА ГРАДКСО ХОТЕЛСКО -УГОСТИТЕЛСКО ПРЕТПРИЈАТИЕ „ХУНАП" СКОПЈЕ

Финансовото одделение на Градскиот народен одбор на град Скопје, во смисол на чл. 17 од Основниот закон за државните стопански претпријатија објавува:

Со Решение на Градкиот нроден одбор на град Скопје Бр. 1073 од 17-I-1948 год. се расформира и престана да работи Градското хотелско -угостителско претпријатие „Хунап" Скопје, сметано од 1-II-1948 год.

Бр. 1833 од 2-III-1948 год.

265 1—1

Согласно Решението на Министерството за трговија и снабдуењето-одел снабдување Скопје Бр. 23081 од 111-XII-1947 год. се објавува ликвидација на Трговското стовариште за колонијал, текстил и кожи во Битола од 1 јануари 1948 год. од 1 март 1948 год.

Се поканууват сите должници и поверителини на овоа претпријатие да ги ликвидират своите сметки до 1-II-1948 год. оти след тај дата пријавените барања нема да се признават.

Трговско стовариште за колонијал, текстил и кожи-Битола

Бр. 2848 од 29-XII-1947 год.

1393 1—1

# Регистрации на кооперации

**Регистрација на Земјоделска набавно-продајна кооперација „Златна лоза" во село Крклино**

Со Решение бр 12792 од 19 јули 1947 год. на Извршниот одбор на Околискиот народен одбор во гр. Битола ја регистрира Земјоделската набавно-продајна кооперација „Златна лоза" во село Крклино под редни број 38 страна 76.

За кооперацијата потпишуват членовите на управниот одбор: Стефан Марковски, Коле Малаковски и Веле Китановски.

306 1—1

**Регистрација на Земјоделска набавно-продајна кооперација „Кајмакчапан" во село Скочивар**

Со Решение Бр. 9321 од 17 јули 1947 год. на Извршниот одбор на Околискиот народен одбор во гр. Битола ја регистрира Земјоделската набавно-продајна кооперација „Кајмакчалан" во село Скочивир под редни бр. 57 страна 114.

За кооперацијата потпишуват членовите на управниот одбор: Коста Иванов, Киневски Горги и Никола Горгиев.

307 1—1

**Регистрација на Земјоделска набавно-продајна кооперација „Драгор" во село Дијєово**

Со Решение Бр. 13351 од 24 јули 1947 на Извршниот одбор на Околискиот народен одбор во гр. Битола, ја регистрира Земјоделската набавно-продајна кооперација „Драгор" во село Дијеово под редни бр. 45 страна 90

За кооперацијата потпишуват членовите на управниот одбор: Никола М. Колев, Васил Котев и Јанче Петров.

308 1—1

**Регистрација на Земјоделската набавно-продајна кооперација „Добро Поле" во село Грaдешница**

Со Решение Бр. 13594 од 28 VIV 1947 год на Извршниот одбор на Околискиот народен одбор во гр. Битола, ја регистрира Земјоделската набавно-продајна кооперација „Добро Поле" во село Градешница, под редни бр. 65 страна 130

За кооперацијата потпишуват членовите на управниот одбор: Ристе Р. Трајковски, Јован Митровски и Сребре Сребровски.

309 1—1

**Регистрација на Земјоделската набавно-продајна кооперација „Илинден" во село Старовина**

Со Решение Бр. 11820 од 24 VII 1947 год. на Извршниот одбор на Околискиот народен одбор во гр. Битола, ја регистрира Земјоделската набавно-продајна кооперација „Илинден" во село Старовина под редни бр. 65 страна 120.

За кооперацијата потпишуват членовите на управниот одбор: Перо Стојановски, Кресте Крстев и Марко Стојанов.

310 1—1

**Регистрација на Земјоделска Трудова кооперација „Пандо Мирчевски" во село Борешани.**

Со Решение Бр. 446 од 12 I 1948 год. на Извршниот одбор на Околискиот народен одбор во гр. Битола, ја регистрира Земјоделската трудова кооперација „Пандо Мирчевски" во село Борешани под редни Бр. 89 стр. 178.

За кооперацијата потпишуват членовите на управниот одбор: Димко М. Димовски, Горѓи К. Таневски и Пандо К. Стојановски.

315 1—1

**Регистрација на Земјоделска набавно-продајна кооперација „Зелен Бор" во село Ново Змирнево.**

Со Решение Бр. 25392 од 26 XII 1947 год. на Извршниот одбор на Околискиот народен одбор во гр. Битола, ја регистрира Земјоделската набавно-продајна кооперација „Зелен Бор" во село Ново Змирнево под редни бр. 76 страна 158.

За кооперацијата потпишуват членовите на управниот одбор: Милан Бројаковски и Босилко Житковски.

316 1—1

Со Решение Број 7082 од 12 V 1948 год. на Извршниот одбор на Околискиот народен одбор — Скопје, регистрирана е во регистарот за кооперации Земјоделска-набавно-продајна кооперација „Китка" во село Брезица. Истата е регистрирана на страна 52 рег. бр. 52.

Кооперацијата к'е ја потпишуват и задолжуват: Саздовски А. Јовче, Мице Н. Богатинов, Санде А. Ацевски, Николовски Д. Игно Стојановски Д. Алексо и Тодев А. Атанас.

384 1—1

Со Решение број 7643 од 12 V 1948 год. на Извршниот одбор на Околискиот народен одбор — Скопје, регистрирана е во регистарот за кооперации Земјоделска набавно-продајна кооперација „Долга ливада" во село Држилово. Истата е регистрирана на стр. 51 ред. бр. 51.

Кооперацијата к'е ја потпишуват: Зејнел Н. Аметовски и Ќујовски С. Амет.

385 1—1

# Содржина


| | стр. |
|---|---|
| Судски огласи | |
| Регистрации на држ. стоп. | 1 |
| претпријатија | 3 |
| Примени во регистерот | 5 |
| Ликвидации | 6 |
| Регистрации на кооперации | 6 |


Издава: Службен весник на Народна Република Македонија — новинско издателско претпријатие. Директор и одговорен уредник Љубомир Б. Исаиев — Скопје, ул. Маршал Тито бр 10 — Тел. 656. Печатница „Гоце Делчев" Скопје

7. Наут до 5,50 дин. за 1 кгр.
8. Детелина до 2,50 дин. за 1 кгр.
9. Јаболки:
   а) индустриски до 1,50 дин. за 1 кгр.
   б) сортни до 5 дин. за 1 кгр.
   в) обични до 3,50 дин. за 1 кгр.
10. Круши:
   а) I врста до 5,50 дин.
   б) II врста до 4 дин.
11. Цреши:
   а) обични до 4 дин. за 1 кгр.
   б) племенити до 6 дин. за 1 кгр.
12. Кајсии племенити до 5 дин. за 1 кгр.
13. Јагоди:
   а) шумски до 8 дин. за 1 кгр.
   б) градинарски до 8 дин. за 1 кгр.
14. Модри сливи
   а) свежи до 2 дин. за 1 кгр.
   б) сушени до 10.50 дин. за 1 кгр.
15. Костени:
   а) обични шумски до 5 дин. за 1 кгр.
   б) племенити до 7 дин. за 1 кгр.
16. Грозје:
   а) обично до 3 дин за 1 кгр.
   б) десертно I врста до 6 дин. за 1 кгр.
   в) десертно II врста до 4 дин. за 1 кгр.
17. Ореи:
   а) со тврда луска до 10 дин. за 1 кгр.
   б) со мека луска до 12 дин за 1 кгр.
18. Бадеми:
   а) со тврди луски до 7 дин. за 1 кгр.
   б) со меки луски до 9 дин. за 1 кгр.
19. Лук стар:
   а) есенски до 10 дин. за 1 кгр.
   б) пролетни по 12 дин. за 1 кгр.
20. Кромид стар: до 2.50 дин. за 1 кгр.
21. Зелки:
   а) рани зелки до 4 дин. за 1 кгр.
   б) есени зелки до 1,25 дин. за 1 кгр.
22. Вино:
   Од 10 — 11,5 малигана до 0,55 дин. по 1 малиган
   Од 11,5 — 13 малигана до 0,60 дин. по 1 малиган
   Преко 13 малигана до 0,65 дин. по 1 малиган
23. Ракија:
   До 40 степени до 0,46 дин. по степен
   Преко 40 степени до 0,54 дин. по степен

24. За грашок, боранија, краставици, тиквички, пипер и домати цените к'е ги одредува Управата за откуп при Министерството за трговија и снабдување со посебен билтен, а према сезоната на пристигнување на дотичните произведенија.

2

Оваа Решение стапува на снага веднаш.

Бр. 4291, 3 јуни 1948 год., Скопје.

Министер
за трговија и снабдување
Д. Бојановски, с. р.

Претседателството на Президиумот на Народното собрание на Народна Република Македонија, по извршеното сравнување со изворниот текст на Законот за државниот буџет на Народна Република Македонија за 1948 година установи да во Законот за државниот буџет на Народна Република Македонија за 1948 г. објавен во „Службен весник на НР Македонија" бр. 13 од 15 мај 1948 година е направена доленаведената грешка, поради кое дава следната

## ИСПРАВКА
## НА ЗАКОНОТ ЗА ДРЖАВНИОТ БУЏЕТ НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 1948 Г.

Во член 5 под 5) 20 ред, после зборовите „Кратовска околија", место 40 треба да стои 50.

9 јуни 1948 год., Скопје.

ОД ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО
НА ПРЕЗИДИУМОТ НА НАРОДНОТО
СОБРАНИЕ НА НРМ

# СОДРЖИНА


| Рег. бр. | | Стр. |
|---|---|---|
| 112 | ПРАВИЛНИК за изменување и дополнување на Правилникот за полагање приватни испити во основните и вишите основни училишта | 127 |
| 113 | РЕШЕНИЕ за определување на стопанства кои к'е се сметат за ситни земјоделски стопанства на територијата на Народна Република Македонија | 127 |
| 114 | РЕШЕНИЕ за определување на земјоделски производи кои к'е се откупуват од ситните земјоделски стопанства на територијата на НР Македонија по врзани цени и за врзаните цени по кои истите к'е се откупат | 127 |
| | ИСПРАВКА на Законот за државниот буџет на Народна Република Македонија за 1948 година | 128 |


Издава: Службен весник на Народна Република Македонија — новинско издателско претпријатие. Директор и одговорен уредник Љубомир Б. Исаиев — Скопје, ул. Маршал Тито бр. 10 — Тел. 696. Печатница „Гоце Делчев" Скопје